CIVICA MOBILITAS

# Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

МАЗЗ
МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

ИНФОРМАТОР 7 | ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 7мо издание | Август, 2021

## Членките на МАЗЗ дел од студиската посета на земјоделски задруги во Р. Грција

## Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Асоцијацијата на земјоделски задруги од регионот Иматиа, Р. Грција

## Одржана обука за промоција и пласман на производи за земјоделски задруги-членки на МАЗЗ

## Одржана работилница за промоција и воспоставување на договорно производство во Ресен



# Членките на МАЗЗ дел од студиската посета на земјоделски задруги во Р. Грција




Во периодот од 27 до 30 јули, претставници на земјоделски задруги – членки на Македонската асоцијација на земјоделски задруги беа дел од студиската посета во Р. Грција, во организација на ЕУ Проектот: Поддршка за развој на земјоделски задруги, имлементиран од CARE International Balkans и Македонската развојна фондација за претпријатија, финансиран од страна на Европската Унија.

Како дел од студиското патување, членките на МАЗЗ имаа можност да посетат неколку поголеми задруги од регионот Иматиа и една задруга од Кавала. Дополнително, се остварија средби и со Асоцијација на преработувачи и со Асоцијацијата на земјоделски задруги од регионот Иматиа како и со Институтот за семе, саден материјал и генетски ресурси во Солун. Ова беше одлична можност за реплицирање на позитивни практики и искуства од успешни земјоделски задруги во Р. Грција се со цел подобрување на стручните знаења и информации во земјоделскиот сектор, како и подобрување на конкурентноста и рентабилноста на земјоделските задруги во Р. Северна Македонија.

Им благодариме за топлиот дочек и гостопримството на сите задруги кои ги посетивме и сигурни сме дека во иднина споделувајќи ги истите вредности и цели на следење на развојот на земјоделскиот сектор ќе одржуваме партнерски односи и ќе ја продлабочуваме соработката која што ја воспоставивме, ќе негуваме трајни и заемно наградувачки односи заради зедничка промоција и развој на земјоделството и задругарството во двете држави.






# Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Асоцијацијата на земјоделски задруги од регионот Иматиа, Р. Грција

Во склоп на студиската посета во Р. Грција во организација на ЕУ Проект: Поддршка за развој на земјоделски задруги, имлементиран од CARE International Balkans и Македонската развојна фондација за претпријатија, а финансиран од страна на Европската Унија, на 29 јули во Вериа се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Асоцијацијата на земјоделски задруги од Иматиа.

Претседателите на двете организации Г-ѓа Сузана Димитриевска и Г-дин Христос Јанакакис се обврзаа да соработуваат во реализирање на заеднички проекти од областа на земјоделството и руралниот развој, заеднички да ги идентификуваат потребите од едукација и тренинг во земјоделскиот сектор и да соработуваат во нивната реализација како и заеднички да го промовираат воведувањето на нови технологии на производството и примена на стандарди во земјоделството со кои ќе се олесни и модернизира работата на фармерите во двете земји.









# Одржана обука за промоција и пласман на производи за земјоделски задруги-членки на МАЗЗ

Македонската асоцијација на земјоделски задруги на 16 јули во Трница, Маврово-Ростуше, одржа обука за промоција и пласман на производи, синџир на набавки и маркетинг во земјоделските задруги. Целта на оваа активност беше обезбедување на специјализирана обука за членовите на МАЗЗ, односно претставници од земјоделски задруги каде учесниците, врз основа на нивниот специфичен интерес и потреби, имаа можност да стекнат знаење и информации за промоција и пласман на производи, синџир на набавки и маркетинг. Обуката придонесе и за утврдување на разликите помеѓу маркетинг и брендинг како и за визуелниот идентитет на земјоделските задруги и нивното пазарно позиционирање. Делот на маркетинг беше насочен како земјоделските задруги да развиваат сопствени маркетинг стратегии каде посебен акцент беше ставен на дигиталниот маркетинг.



Реализираната обука придонесе членките на МАЗЗ да се стекнат со компетенции за ефективно привлекување на нови потрошувачи, одржување на врската со веќе постоечките потрошувачи и нивно поттикнување на профитабилни акции.

Обуката за промоција и пласман на производи, синџир на набавки и маркетинг во земјоделски задруги се реализираше во рамките на Институционалниот грант на МАЗЗ како дел од активностите предвидени во Годишниот план за работа на организацијата кој е поддржан од Цивика мобилитас.







# Одржана работилница за промоција и воспоставување на договорно производство во Ресен

Македонската асоцијација на земјоделски задруги (МАЗЗ) заедно со Македонската асоцијација на преработувачи (МАП) на 19 јули ја организираа втората работилница за промоција и воспоставување на договорно производството помеѓу задругите членки на МАЗЗ и преработувачките капацитети членки на МАП. Работилницата се одржа во Општинската сала во Ресен а на неа беа присутни земјоделски задруги со основна дејност -производство на јаболка и преработувачки капацитети за производство на чипс од јаболка, јаболков сок и пире како и замрзнати производи од јаболка. Активноста е дел од проектот Јакнење на вредносните синџири во овоштарството и раноградинарството преку воспоставување на договорно производство, во рамките на Increasing Market Employability – IME програмата, финансиски поддржана од SDC (Швајцарската Агенција за развој и соработка).

Преку договорното производсто задругите имаат загарантиран пазар и намалени ризици околу неизвесноста на продажбата преку договорени цени, додека пак преработувачите, имаат корист со тоа што добиваат сигурна набавка на, за нив потребните, земјоделски производи кои воедно ќе ги задоволат нивните специфични потреби во смисла на квантитет, квалитет и време на испорака.






Назив на грант:
# „Институционално јакнење на ЗМАЗЗ“

Годишниот план за работа на ЗМАЗЗ е поддржан од
**Цивика мобилитас**

Времетраење на грант: **24 месеци**
1 година (Г1): **01.07.2020-30.06.2021**
2 година (Г2): **30.06.2021-30.06.2022**

Висина на грант
Г1: **1.746.500 МКД**
Г2: **1.700.000 МКД**

Целосен износ на грант: **3.446.500 МКД**

## Контакт


**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален секретар
Тел: 072/273-567
Е- мејл: m.micevski@mazz.mk


## Извршна канцеларија


**Адреса: ул. “Јордан Мијалков” бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02/3141-830**
**070/290 853**

**Е-мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**



**Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат**